**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR)**
**за Повик бр. 04/2020**

**за набавка на услуги за следење и анализа на политики**

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Позадина на задачата

Програмата „Подобра испорака на јавни услуги за граѓаните преку активна вклученост на Собранието“ има генерална цел да поттикне дебата во јавноста за подобрување на јавните услуги кои најчесто ги користат граѓаните, и во рамките на која ќе бидат вклучени граѓанското општество и пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Во насока на остварувањето на поставената цел на програмата ќе бидат преземени повеќе активности, кои се очекува дека ќе ги дадат следниве резултати:

1) Континуирано следење од страна на граѓанското општество на квалитетот на испорака на најрелевантните услуги за граѓаните,
2) Воспоставен дијалог меѓу граѓаните и граѓанските организации со пратениците во Собранието и
3) Зајакната надзорна улога на Собранието за подобрување на квалитетот на јавните услуги.

## 1.2. Позадина на програмата „Подобра испорака на јавни услуги за граѓаните преку активна вклученост на Собранието“

Програмата „Подобра испорака на јавни услуги за граѓаните преку активна вклученост на Собранието“ е финансирана од Европската Унија преку ИПА програмата 2018-2019 за граѓанско општество и медиуми – Оперативна поддршка за граѓански организации, и се спроведува од Центар за управување со промени. Програмата се фокусира на активен дијалог меѓу граѓаните и граѓанските организации со пратениците во Собранието, заради поттикнување дебата во Собранието за прашања од важност за граѓаните. Во програмата ќе бидат зајакнати капацитетите на ЦУП и другите граѓански организации кои се дел од претходно воспоставените мрежи за анализа, следење, евалуација и застапување за прашања поврзани со јавните услуги. Еднакво, ќе се работи со пратениците за да се сензибилизираат за прашањата за јавните услуги кои се значајни за граѓаните и во Собранието да иницираат дебати за вакви прашања.

**Центарот за управување со промени** (ЦУП) ја спроведува оваа работна програма и е think-tank организација лоцирана во Скопје, Македонија, која работи и имплементира проекти кои имаат за цел да придонесат за развој на македонското општество и регионот. ЦУП промовира разбирање и ненасилни промени и се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни

ентитети да ги прифатат општествените промени како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати. ЦУП има повеќе годишно работно искуство со различни државни институции, граѓански организации во Македонија, како и широка соработка со граѓанскиот и деловниот сектор дома и во странство.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на задачата

Главна цел на задачата е следење, анализа и евалуација на политиките за подобрување на испораката на јавните услуги.

Програмата предвидува спроведување на истражувања на најмногу 10 претставници на граѓански организации на тема испорака на јавните услуги во повеќе релевантни области или пак за услуги за кои сметаат дека се клучни за граѓаните. Овие истражувања ќе резултираат со извештаи од следењето одредени услуги, и тоа каква е нивната испорака, дали има подобрување по отворањето на порталот за електронски услуги www.uslugi.gov.mk, дали начинот на испорака е усогласен со информациите достапни на порталот, кои услуги од одредена област се достапни на порталот и сл. Покрај овие истражувања, во програмата ќе се спроведе и анкета на јавното мислење за јавните услуги. Сите прибрани податоци и факти ќе му бидат ставени на располагање на експертот, кој што врз основа на нив ќе идентификува проблеми, ќе формулира наоди и ќе препорача мерки за подобрување..

Од експертот се очекува да земе учество и да придонесе кон развивањето методологија според која граѓанските организации ќе истражуваат , со цел да се добијат унифицирани и спроведливи сознанија[1].

Експертот има задача да одржи и една работилница за граѓанските организации за истражување, следење и анализа на политики, во период додека траат нивните истражувањата, односно пред финализирање на нивните извештаи.

Врз основа на сите добиени наоди и податоци, експертот треба да развие документ за политики, кој ќе се однесува на испораката на јавните услуги во пракса, а ќе вклучува и евалуација на политиките кои ги спроведе Владата во изминатиов период а се однесуваат на подобрување на јавните услуги. Документот задолжително треба да содржи препораки за подобрување на јавните услуги, односно за пристапот на сите категории граѓани кон нив , и ќе претставува основа за застапување на интересите на граѓаните пред пратениците во Собранието.

Од ангажираниот експерт се очекува да ги презентира препораките пред стручната и пошироката јавност на јавната дебата (планирана во Собранието на Република Северна Макеоднија).

### 2.2 Испорака на очекуваните резултати

---

[1] Во повикот за учество во истражувањата за граѓанските организации е дадена индикативна листа на области, но истражувачите (граѓанските организации) се поттикнати и самите да дадат креативни предлози за услуги. Предлог-областите и предлог методите за истражување се содржани во Поканата за учество во повикот за истражување (https://cup.org.mk/calls_full.php?id=70).

***Work programme - Improved service delivery for citizens by active engagement of the Assembly***

| Резултат | Опис | Рок |
|---|---|---|
| 2.2.а) | Придонес кон финализирање на методологијата за истражувањата што ќе ги спроведат граѓанските организации | април 2020 |
| 2.2.б) | Работилница за граѓанските организации за истражување, следење и анализа на политики | април - јули 2020 |
| 2.2.в) | Подготвен документ за политики за подобрување на испораката на јавните услуги | август 2020 |
| 2.2.г) | Претставување на наодите и препораките од документот за политики на јавната дебата | декември 2020 |

***ЦУП го задржува правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачот во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.***

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Експерт

Експертот кој ќе биде ангажиран да ги спроведе предвидените активности и да ги постигне предвидените резултати треба да ги исполнува следните услови:

- Завршен најмалку втор степен на образование по правни науки;
- Најмалку 5 години работно искуство во области директно поврзани со реформата на јавната администрација;
- Специфично работно искуство од најмалку 2 години на анализа на јавни политики или подготовка на најмалку 2 документа за политики што се однесуваат на испорака, квалитет или подобрување на јавните услуги.

### 3.2. Временска рамка (денови) – по експерт

| Фаза | Експертски денови |
|---|---|
| Придонес кон финализирање на методологијата за истражувањата што ќе ги спроведат граѓанските организации | 3 |
| Работилница за граѓанските организации за истражување, следење и анализа на политики | 2 |
| Подготвен документ за политики за подобрување на испораката на јавни услуги | 13 |
| Претставување на наодите и препораките од документот за политики на јавната дебата | 2 |
| Вкупно | **20** |

**3.4. Логистика**

За спроведување на активностите во текот на ангажманот, од страна на тимот на ЦУП ќе биде обезбедена поддршка од целиот тим и поспецифично од лицата вклучени во спроведувањето на програмата.

**3.5 Плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено 50% од вкупната вредност на договорот во рок од 7 дена по потпишувањето на договорот за услуга и 50% по целосно извршување на задачите предвидени во овој повик.

**3.6. Библиографија и документација**

Во функција на успешно извршување на задачата на експертот ќе му биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ЦУП.